# Службен весник на Република Македонија


**Број 210** | **16 ноември 2018, петок** | **година LXXIV**

**www.slvesnik.com.mk** | **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3774. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности........ | 2 |
| 3775. | **Одлука** за давање согласност на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ - Скопје............. | 2 |
| 3776. | **Одлука** за отстапување на користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи............ | 2 |
| 3777. | **Одлука** за отстапување на користење на движни ствари на Министерството за одбрана.............................. | 3 |
| 3778. | **Одлука** за отстапување на користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување................. | 3 |
| 3779. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад...................................................... | 3 |
| 3780. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи........... | 4 |
| 3781. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за промоција и поддршка на туризмот...................... | 4 |
| 3782. | **Одлука** за изменување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите................................ | 4 |
| 3783. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија... | 5 |
| 3784. | **Решение** за разрешување и именување член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија..................................................... | 5 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3785. | **Решение** за утврдување престанок на мандат на определените претставници во Советот на ЈНУ Институт за филм-филмска академија-Охрид | 5 |
| 3786. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони | 5 |
| 3787. | **Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Неготино | 6 |
| 3788. | **Решение** за разрешување од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино | 6 |
| 3789. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет) | 6 |
| 3790. | **Решение** од Комисија за хартии од вредност на Република Македонија | 6 |
| 3791. | **Решение** од Комисија за хартии од вредност на Република Македонија | 7 |
| 3792. | **Решение** од Комисија за хартии од вредност на Република Македонија | 7 |
| 3793. | **Објава** за стапката на трошоците за живот и платите за месец октомври 2018 година | 8 |
| | **Огласен дел** | 1-56 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3774.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП.бр. 14311, за КО Куманово, ул. „Тодор Велков “, Куманово и тоа:

- зграда 1, намена на зграда и друг објект В2-7, влез 3, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 8 м2,

-зграда 1, намена на зграда и друг објект В2-7, влез 3, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС, со внатрешна површина од 13 м2,

-зграда 1, намена на зграда и друг објект В2-7, влез 3, кат СУТ, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 138 м2 и

-зграда 1, намена на зграда и друг објект В2-7, влез 3, кат СУТ, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС, со внатрешна површина од 47 м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6044/1
13 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3775.**

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ОТСТРЕЛ НА ДИВЕЧ, КОРИСТЕЊЕ НА ДИВЕЧОТ И НЕГОВИТЕ ДЕЛОВИ И УСЛУГИ ВО ЛОВИШТАТА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН“ - СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје, бр.02-762/1 од 5.11.2018 година, донесен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 5.11.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9249/1
13 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3776.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), а во врска со член 42 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“, бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Член 1

Со оваа одлука движните ствари во сопственост на Република Македонија кои не се штетни по животната средина и здравјето на граѓаните, се отстапуваат на користење, без надоместок на Министерството за внатрешни работи и тоа:

1. Детонаторски кабел во котури - 650 метри,
2. Шефери - 1000 парчиња и
3. Цевки за градобидни ракети (пластични без боја) - 200.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-9518/1 | Претседател на Владата |
| 13 ноември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**3777.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), а во врска со член 42 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА**

Член 1

Со оваа одлука движните ствари во сопственост на Република Македонија кои не се штетни по животната средина и здравјето на граѓаните, се отстапуваат на користење, без надоместок на Министерството за одбрана и тоа:

1. Детонаторски кабел во котури 650 метри,
2. Контејнери (два) со капацитет од 500 кг,
3. Антистатичка подлога ПВЦ во ролни - 200 м2,
4. Шефери - 20000 парчиња,
5. F 60 ARAK (експлозив) - 27 парчиња по 150 грама,
6. Пластични-композитни цевки – 200 парчиња должина 100 см и
7. Проект од градобидна ракета, еден.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-9518/2 | Претседател на Владата |
| 13 ноември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**3778.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), а во врска со член 42 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Член 1

Со оваа одлука движните ствари во сопственост на Република Македонија кои не се штетни по животната средина и здравјето на граѓаните, се отстапуваат на користење, без надоместок на Дирекцијата за заштита и спасување и тоа:

1. Машина за производство на дестилирана вода-една,
2. Детонаторски кабел во котури - 650 метри,
3. Контејнери (два) со капацитет од 500 кг,
4. Метални цевки - 40 парчиња со еден метар должина,
5. Метални делови (штрафарија) - 500 парчиња,
6. Метални кревети за цивилна заштита (за во скривници) - 15,
7. Пластични канти – туби за вода - 20 и
8. Метални каси - 3.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-9518/3 | Претседател на Владата |
| 13 ноември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**3779.**

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари – основни средства и ситен инвентар кои немаат вредност, односно се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Решението за усвојување на Записникот од извршен увид во објекти Макпетрол АД Скопје, бр. 48-10170/1 од 12.11.2018 година, донесено од генералниот секретар на Владата на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9518/4 Претседател на Владата
13 ноември 2018 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3780.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, бр.09-4547/1 од 22.10.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9685/1 Претседател на Владата
13 ноември 2018 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**3781.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за промоција и поддршка на туризмот („Службен весник на Република Македонија“ бр.223/15).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9685/2 Претседател на Владата
13 ноември 2018 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3782.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 6.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ДЕКАДАТА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИТЕ**

Член 1

Во Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/18), во член 2 во точката 15 и во член 4 во точката 10 зборовите „ул. „Србо Томовиќ“, ул. „Страшко Арсов“ и ул.„4 јули““ се заменуваат со зборовите „улици во населба Средорек“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9993/1 Претседател на Владата
6 ноември 2018 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**3783.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА СО ПРОШИРЕНА ДЕЈНОСТ - ГЕВГЕЛИЈА**

1. За членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена должност - Гевгелија, се именуваат:

- Јани Итов
- Велика Исмаилова
- Лазар Митров.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-10097/1
6 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3784.**

Врз основа на член 50 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015, 39/2016 и 11/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАВО НА ПОВРАТ НА СРЕДСТВАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Дејан Крајчевски се разрешува од должноста член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија, на негово барање.

2. За член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија, се именува Томи Салковски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-10098/1
6 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3785.**

Врз основа на член 30 од Законот за научно - истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ОПРЕДЕЛЕНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФИЛМ - ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА-ОХРИД**

1. Се утврдува престанок на мандатот на определените претставници на Советот на Јавната научна установа Институт за филм-филмска академија-Охрид, на нивно барање и тоа на:

- Синоличка Трпкова
- Маја Стефановиќ и
- Никола Мадиќ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-10099/1
6 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3786.**

Врз основа на член 19 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/2010, 127/2012, 41/2014, 72/2015, 129/2015, 173/2015, 192/2015, 217/2015, 30/2016 и 83/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

1. Данчо Петров се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

2. За член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, се именува Јенс Бруно Вендланд.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-10100/1
6 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3787.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - НЕГОТИНО**

1. Марина Димитрова се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Неготино, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-10101/1
6 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3788.**

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017 и 51/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НЕГОТИНО**

1. Драгица Тончиќ се разрешува од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-10102/1
6 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3789.**

Врз основа на член 7 од Законот за основање на Македонската академска истражувачка мрежа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2010, 47/2011 и 41/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА (МАРНЕТ)**

1. Љубица Караманди се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет).

2. За член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет) се именува Амир Шабани.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-10103/1
6 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3790.**

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија врз основа на член 52 член 53 и член 54 од од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на РМ“ број 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016), постапувајќи по барањата за добивање на одобрение и согласност на измените на Статутот, Проспектот и скратената форма на Проспектот на ВФП Премиум Инвест, поднесени од страна на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје на седницата одржана на ден 8.11.2018 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. На Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје со седиште на ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, Скопје, се дава одобрување на барањето за давање согласност на:

- Одлуката за измени на Статутот на отворениот инвестициски фонд ВФП Премиум Инвест број 02-11/2 од 04.10.2018 година и Одлуката број 02-12/2 од 26.10.2018 година за измена на Одлуката број 02-11/2 од 04.10.2018 година за измени на Статут на отворениот инвестициски фонд ВФП Премиум Инвест, како и на пречистениот текст на Статутот број 02-12/9 од 26.10.2018 година;

- Одлуката за измени на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП Премиум Инвест број 02-11/3 од 04.10.2018 година и Одлуката број 02-12/3 од 26.10.2018 година за измена на Одлуката број 02-11/3 од 04.10.2018 година за измени на Проспект на отворениот инвестициски фонд ВФП Премиум Инвест, како и на пречистениот текст на Проспектот број 02-12/10 од 26.10.2018 година и

- Одлуката за измени на скратената форма на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП Премиум Инвест број 02-11/4 од 04.10.2018 година и Одлуката број 02-12/4 од 26.10.2018 година за измена на Одлуката број 02-11/4 од 04.2018 година за измени на скратената форма на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП Премиум Инвест, како и на пречистениот текст на скратената форма на Проспектот број 02-12/11 од 26.10.2018 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број УП1 08-58
8 ноември 2018 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
По овластување на Претседател
Комисионер,
**Лиле Делиџакова,** с.р.

---

**3791.**

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија врз основа на член 52 член 53 и член 54 од од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на РМ“ број 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016), постапувајќи по барањата за добивање на одобрение и согласност на измените на Статутот, Проспектот и скратената форма на Проспектот на ВФП 100% Бонд, поднесени од страна на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје на седницата одржана на ден 8.11.2018 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. На Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје со седиште на ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, Скопје, се дава одобрување на барањето за давање согласност на:

- Одлуката за измени на Статутот на отворениот инвестициски фонд ВФП 100% Бонд број 02-11/8 од 04.10.2018 година и Одлуката број 02-12/3 од 26.10.2018 година за измена на Одлуката број 02-11/8 од 04.10.2018 година за измени на Статут на ВФП 100% Бонд, како и на пречистениот текст на Статутот број 02-12/12 од 26.10.2018 година;

- Одлуката за измени на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП 100% Бонд број 02-11/9 од 04.10.2018 година и Одлуката број 02-12/4 од 26.10.2018 година за измена на Одлуката број 02-11/9 од 04.10.2018 година за измени на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП 100% Бонд, како и на пречистениот текст на Проспектот број 02-12/13 од 26.10.2018 година и

- Одлуката за измени на скратената форма на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП 100% Бонд број 02-11/10 од 04.10.2018 година и Одлуката број 02-12/7 од 26.10.2018 година за измена на Одлуката број 02-11/10 од 04.10.2018 година за измени на скратената форма на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП 100% Бонд, како и на пречистениот текст на скратената форма на Проспектот број 02-12/14 од 26.10.2018 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број УП1 08-59
8 ноември 2018 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
По овластување на Претседател
Комисионер,
**Лиле Делиџакова,** с.р.

---

**3792.**

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија врз основа на член 52 член 53 и член 54 од од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на РМ“ број 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016), постапувајќи по барањата за добивање на одобрение и согласност на измените на Статутот, Проспектот и скратената форма на Проспектот на ВФП Кеш Депозит, поднесени од страна на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје на седницата одржана на ден 8.11.2018 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. На Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје со седиште на ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, Скопје, се дава одобрување на барањето за давање согласност на:

- Одлуката за измени на Статутот на отворениот инвестициски фонд ВФП Кеш Депозит број 02-11/5 од 04.10.2018 година како и на пречистениот текст на Статутот број 02- 11/15 од 04.10.2018 година;

- Одлуката за измени на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП Кеш Депозит број 02-11/6 од 04.10.2018 година како и на пречистениот текст на Проспектот број 02-11/16 од 04.10.2018 година и

- Одлуката за измени на скратената форма на Проспектот на отворениот инвестициски фонд ВФП Кеш Депозит број 02-11/7 од 04.10.2018 година како и на пречистениот текст на скратената форма на Проспектот број 02-11/17 од 04.10.2018 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број УП1 08-60
8 ноември 2018 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
По овластување на Претседател
Комисионер,
**Лиле Делиџакова,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3793.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец октомври 2018 година, во однос на месец септември 2018 година, е повисока за 0,3%.

2. Правото на пораст на платите за месец октомври 2018 година, во однос на месец септември 2018 година, за работодавачите од членот 3, став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, изнесува 0,15%.

Министер
за труд и социјална политика,
**Мила Царовска,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622

2018210